**Прашање:**

- Број на добиени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер во 2021.
- Број на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за кои имате дадено:
    - o Целосно одобрен пристап до бараната информација;
    - o Делумно одобрен пристап до бараната информација;
    - o Одбиено пристап до бараната информација.

- Вкупен број на информации кои се означени со некој од степените за класификација на информацијата во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "државна тајна" во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "строго доверливо" во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "доверливо" во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "интерно" во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "за ограничена употреба" во 2021.
- Вкупен број на информации чиј рок е продолжен поради доверливост на податокот, во 2021.

**Одговор:**

- Број на добиени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер во 2021.

  <u>Одговор: 6 (шест) добиени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер во 2021 во Секретаријатот за законодавство.</u>

- Број на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за кои имате дадено:
    - o Целосно одобрен пристап до бараната информација;

      - Одговор: на сите шест (6) Барања е одговорено позитивно, од кои на четири (4) Барања е целосно одобрен пристап на бараната информација, а две (2) Барања се препратени до надлежните институции, односно до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата

    - o Делумно одобрен пристап до бараната информација;

      <u>Нема</u>

    - o Одбиено пристап до бараната информација.

      <u>Нема</u>

- Вкупен број на информации кои се означени со некој од степените за класификација на информацијата во 2021.

  Одговор - До Секретаријатот за законодавство во 2021 година нема поднесено Барање за пристап до информација од јавен карактер која е означена со некој од степените за класификација

- Број на информации кои се означени со степенот “државна тајна” во 2021.

  Нема

- Број на информации кои се означени со степенот “строго доверливо” во 2021.

  Нема

- Број на информации кои се означени со степенот “доверливо” во 2021.

  Нема

- Број на информации кои се означени со степенот “интерно” во 2021.

  Нема

- Број на информации кои се означени со степенот “за ограничена употреба” во 2021.

  Нема

- Вкупен број на информации чиј рок е продолжен поради доверливост на податокот, во 2021.

  Нема

**Прашање:**

Во програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020 - 2024 година, е наведено дека „Владата ќе воведе комунална полиција под ингеренции на локалната власт која ќе има законски овластувања да обезбеди ред во нашите општини и градот Скопје“.

Барам да ми се одговори на следниве прашања, со цел да добијам информации од јавен карактер:

1. До каде е постапката од воведување на комунална полиција?
2. Дали постои официјална коресподенција помеѓу Владата на Република Северна Македонија и градот Скопје на тема „комунална полиција"? Доколку постои, барам да ми биде пратена во електронска форма.
3. Дали постои официјална коресподенција помеѓу Собрание на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија на тема „комунална полиција“? Доколку постои, барам да ми биде пратена во електронска форма.
4. Дали и кои активности до сега градот Владата на РСМ ги има преземено кои водат во насока кон формирање на „комуналната полиција“? Доколку има, барам да ми бидат пратени во електронска форма.

**Одговор:**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, пратено по е-маил на ден 05.07.2021 година, а кое се однесува на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020 – 2024 година во однос на воведување на комунална полиција под ингеренции на локалната власт која ќе има законски овластувања да обезбеди ред во општините и Градот Скопје, Ве известуваме дека со оглед на тоа што Секретаријатот за законодавство не располага со бараната информација, а согласно член 40-а од Законот за Владата на Република Македонија Генералниот секретаријат, меѓудругото, го координира предлагањето, донесувањето и следењето на извршувањето на Годишната програма за работа на Владата; ги обезбедува неопходните информации и стручни совети и мислења во врска со креирањето и анализа на политиките на Владата; обезбедува информации за јавноста; ги координира активностите во врска со спроведување на реформата на јавната администрација остварува соработка со Стручната служба на Собранието на Република Македонија, на Претседателот на Република Македонија и со стручните служби на други органи на државната власт, како и невладините организации и други правни лица; остварува управување со процесот на работењето, врши други стручни и логистички работи утврдени со Деловникот, како и други работи кои ќе ги определи претседателот на Владата и Владата, Вашето барање е препратено на натамошно постапување до Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со допис бр. 03-299/1 од 06.07.2021 година.

До Секретаријатот за законодавство беше доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер, пратено по е-маил на ден 05.07.2021 година, [redacted], а кое се однесува на Програмата за

работа на Владата на Република Северна Македонија 2020 – 2024 година во однос на воведување на комунална полиција под ингеренции на локалната власт која ќе има законски овластувања да обезбеди ред во општините и Градот Скопје.

Со оглед дека Секретаријатот за законодавство не располага со бараните информации, а согласно член 40-а од Законот за Владата на Република Македонија, Генералниот секретаријат како стручна служба на Владата, меѓудругото, го координира предлагањето, донесувањето и следењето на извршувањето на Годишната програма за работа на Владата; ги обезбедува неопходните информации и стручни совети и мислења во врска со креирањето и анализа на политиките на Владата ; обезбедува информации за јавноста; ги координира активностите во врска со спроведување на реформата на јавната администрација остварува соработка со Стручната служба на Собранието на Република Македонија, на Претседателот на Република Македонија и со стручните служби на други органи на државната власт, како и невладините организации и други правни лица; остварува управување со процесот на работењето, врши други стручни и логистички работи утврдени со Деловникот, како и други работи кои ќе ги определи претседателот на Владата и Владата, на Ваше натамошно постапување Ви го препраќаме писменото барање за пристап до информации од јавен карактер, [redacted], а пратено по е-маил на ден 05.07.2021 година.

**Прашање/Одговор:**

| Вкупен број на вработени | | | Вработени на раководни работни места | | Вработени на нераководни работни места | | Вкупен број на вработени Роми | | Роми на раководни позиции | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| 6 | 19 | 25 | 0 | 9 | 6 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Прашање:**

1. Колку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер добивте во периодот од 1 до 31 декември 2020 година?
2. Од вкупниот број на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер добиени во периодот од 1 до 31 декември, на колку барања одговоривте потврдно – за колку барања информациите без целосно одобрени и за колку информациите беа делумно дадени?
3. Од вкупниот број на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер добиени во периодот од 1 до 31 декември, колку барања одбивте?

**Одговор:**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, а кое се однесува на тоа колку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер има добиено Секретаријатот за законодавство во периодот од 1 до 31 декември 2020 година, Ве известуваме дека Секретаријатот за законодавство во периодот од 1 – до 31 декември, односно во месец декември нема добиено барање за пристап до информации од јавен карактер.

Инаку, во 2020 година Секретаријатот за законодавство има примено седум (7) Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и на сите е позитивно одговорено, односно четири (4) Барања, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се препратени до надлежните институции, односно до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата, а на три Барања имател на информацијата беше Секретаријатот за законодавство и на истите е соодветно одговорено. Во 2020 година Секретаријатот за законодавство нема одбиени и отфрлени Барања.

**Прашање:**

Поединечни копии од фактурите кои ги исплатила Владата на Република Северна Македонија за декември 2020 година на конто [redacted]

**Одговор:**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, а кое се однесува на поединечни копии од фактурите кои ги исплатила Владата на Република Северна Македонија за декември 2020 година [redacted], Ве известуваме дека не располагаме со бараната информација, со оглед дека согласно член 40 став 2 од Законот за Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за законодавство ги врши работите што се однесуваат на обезбедување на конзистентноста на правниот систем и давање стручни мислења за усогласување на предлозите на законите и на другите прописи со Уставот на Република Македонија, со законодавството на Европската Унија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија и дава стручни мислења по прописите на општината за кои Министерството за локална самоуправа тоа ќе го побара.

Со оглед дека Секретаријатот за законодавство не располага со бараните информации, а согласно член 40-а од Законот за Владата на Република Македонија, Генералниот секретаријат Се основа Генерален секретаријат како стручна служба на Владата. (2) Генералниот секретаријат обезбедува координација и стручна поддршка за потребите на Владата, претседателот на Владата, неговите заменици, како и на членовите на Владата во остварувањето на нивните надлежности; остварува соработка и координација со министерствата и другите органи на државната управа и за прашањата за стратешките приоритети на Владата и посебно за спроведувањето на Рамковниот договор, го координира предлагањето, донесувањето и следењето на извршувањето на Годишната програма за работа на Владата; ги обезбедува неопходните информации и стручни совети и мислења во врска со креирањето и анализа на политиките на Владата; оперативно ја следи и известува Владата за остварувањето на заклучоците на Владата; обезбедува ефикасна подготовка и одржување на седниците на Владата и на нејзините работни тела, обезбедува информации за јавноста; ги координира активностите во врска со спроведување на реформата на јавната администрација остварува соработка со Стручната служба на Собранието на Република Македонија, на Претседателот на Република Македонија и со стручните служби на други органи на државната власт, како и невладините организации и други правни лица; остварува управување со процесот на работењето, врши други стручни и логистички работи утврдени со Деловникот, како и други работи кои ќе ги определи претседателот на Владата и Владата, на Ваше натамошно постапување Ви го препраќаме писменото барање за пристап до информации од јавен карактер, [redacted], а пратено по е-маил на ден 13.01.2021 година.

**Прашање:**

Примерок од стручно мислење изготвено од страна на Секретаријатот за законодавство дадено по Одлука за изземање од стопанисување на Спортска сала ДТВ Партизан Карпош 4 на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, број 42-6881/1, од 02.09.2014 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 132/2014. Доколку сте во можност одговорете ми која институција е предлагач на споменатата Одлука и доставете ми го Образложението како прилог кон оваа одлука.

**Одговор:**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, а кое се однесува на стручното мислење на Секретаријатот за законодавство по Одлука за изземање од стопанисување на Спортска сала ДТВ Партизан Карпош 4 на јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, бр 42-6881/1, од 02.09.2014 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 132/14, Ве известуваме дека оваа Одлука, од увидот во нашата архива, не била доставена до Секретаријатот за законодавство за добивање на стручно мислење, поради што не располагаме со бараната информација. По однос на прашањето која институција е предлагач на Одлуката, тоа би требало да биде Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, но за тоа која институција точно е предлагач на Одлуката, како и за добивање на образложението на истата, Ве известуваме дека Вашето барање е препратено со допис бр. 03-3724/1 од 03.11.2020 година до генералниот секретаријат на Република Северна Македонија за натамошно постапување.

До Секретаријатот за законодавство беше доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер, по меил, на ден 28.10.2020, [redacted], кое се однесува на информација за стручното мислење на Секретаријатот за законодавство по Одлука за изземање од стопанисување на Спортска сала ДТВ Партизан Карпош 4 на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, бр 42-6881/1, од 02.09.2014 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 132/14, која институција е предлагач на Одлуката, како и за добивање на образложението на истата. Со оглед дека оваа Одлука од увидот на нашата архива, не била доставена до Секретаријатот за законодавство за добивање на стручно мислење, не располагаме со бараната информација, а по однос на прашањето која институција е предлагач на Одлуката, како и за добивање на образложението на истата, на Ваше натамошно постапување Ви го препраќаме писменото барање за пристап до информации од јавен карактер, [redacted].